Лилјана ПАНОВСКА
Тодор ЧЕПРЕГАНОВ

# МИРКА ГИНОВА ВО БРИТАНСКАТА ДИПЛОМАТСКА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА

Поразот на Грчката народноослободителна армија (ЕЛАС) во битката за Атина во декември 1944 година, како и нејзиното прифаќање на договорот од Варкиза во февруари 1945 година, во практична смисла го означиле и поразот во борбата за национални права на Македонците од егејскиот дел на Македонија.

И не само тоа. Теророт што веднаш по Варкиза го отпочнала грчката десница против левицата, со особена жестина бил насочен кон Македонците.[1] Во периодот од 1945 до мај 1947 година само во Костурско, Леринско, Воденско, Гуменџиско и Еницевардарско биле убиени 400 Македонци, 440 жени и девојки биле силувани, 8 145 Македонци биле затворени, 4 209 биле судени, 3 215 биле осудени, 2 172 лица биле интернирани, 13 529 малтретирани, и 13 лица биле полудени од мачење. Истовремено биле изгорени 1 291 куќа, ограбени 80 села и 1 605 семејства и биле иселени 45 села и 1 943 семејства.[2] Ако покрај овие сумарни податоци се спомене и бројката од преку 20 000 Македонци кои, како последица на теророт побарале засолниште во Југославија, односно во Народна Република Македонија, тогаш состојбата станува сосема јасна.[3]

---

[1] Andrew Rossos, „Incompatibile Allies: Greek Communism and Macedonian Nationalism in the Civil War in Greece, 1943-1949“, The Journal of Modern History, vol. 69, no. 1 (March 1997), 56.

[2] *Егејска Македонија во НОБ 1947: Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1947 година*, т.IV (Скопје: Архив на Македонија, 1980), 154-155; види и: Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт,* 92.

[3] *Егејска Македонија,* т. II, 202-203; види и: Ристо Кирјазовски, *Македонската политичка емиграција од егејскиот дел на Македонија во Источноевропските земји по Втората светска војна* (Скопје: Култура, 1989), 29-30. Во еден британски документ во кој е презентирано предавањето што на 14 август 1945 година во Москва го одржал „некој Беленков“ се потврдува дека заради теророт во Мекедонија преку 20 000 Словени пребегале во Југославија, но и дека од истите причини преку 10 000 пребегале во Бугарија ( PRO FO 371/48241 R 14975/3/19: British Embassy (Moscow) to Foreign Office, August 24, 1945). Георги Даскалов наведува дека мнозинството од бегалците најпрвин се населиле во Бугарија, а во текот на 1945 година „главно по насилен пат“ биле префрлени во федерална Македонија, и тоа 4 000 семејстава или 18 000 лица (Георги Даскалов, *Българите в Егейска Македония: Мит или реалност, Историско-демографско изследване (1900-1990)* (София: Македонски научен институт, 1996), 456).

Осврнувајќи се на влијанието што го имало создавањето на првата македонска држава во рамките на Југословенската федерација, треба да се нагласи дека тоа допринело за интензивирање на потребата за релизирање на националните интереси на Македонците од егејскиот дел на Македонија, вклучувајќи ја и идејата за обединување на Македонија. Во овој однос посебно значење имало Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) и неговите сосема прецизни ставови за обединувањето на македонскиот народ преку бришењето на вештачките граници. [4]

Во првата половина на 1945 година, сепак, постоеле индикации дека југословенското раководство на одреден начин не се откажало од неговите аспирации кон „грчка Македонија", преку реализирањето на идејата за обединета Македонија. На 23 април 1945 година, во Скопје,[5] на иницијатива на КПЈ/КПМ,[6] била формирана единствената организација на Македонците од егејскиот дел на Македонија, позната под иницијалите НОФ (Народноослободителен фронт).[7] Веднаш треба да се нагласи, дека со формирањето на НОФ, националноослободителното движење на Македонците од егејскиот дел на Македонија и дефинитивно било ставено под раководство и целосна контрола на Белград и Скопје.

Што се однесува до организационата поставеност на НОФ, треба да се напомене дека како највисок негов раководен орган се јавило Главното раководство во состав од шест членови. Во рамките на НОФ, исто така, биле формирани и организациите - Народноослободителен младински сојуз (НОМС) и Антифашистички фронт на жените (АФЖ).[8]

Инаку, практичното делување на НОФ на терторијата на егејскиот дел на Македонија започнало веднаш по неговото формирање. За релативно кус временскиот период, НОФ успеал да ја прошири неговата организационата мрежа, воглавно во сите области населени со македонска популација,[9] предизвикувајќи го дури и ефектот од формално постоење на ККЕ.[10]

Активноста на НОФ во периодот по неговото формирање воглавно била насочена кон мобилизирање на Македонците за заштита од секојдневниот терор. Илегалната организациона мрежа на НОФ го следела движењето на вооружените групи на десницата и го советувала населението да ги напушта

---

[4] Иван Катарџиев, *Соседите и Македонија, вчера, денес, утре* (Скопје: Менора, 1998), 183.

[5] The Conspiracy against Greece, 96.

[6] Кирјазовски, „Македонското национално прашање", 8.

[7] Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт,* 106; idem, *Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија 1941-1961* (Скопје: ИНИ, 1987), 102.

[8] Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт,* 106, 122.

[9] Според непотполни податоци, во почетокот на 1946 година, организацијата НОФ, покрај Главното имала пет окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства, со 120 професионални кадри на НОФ, НОМС, и АФЖ. На територијата на егејскиот дел на Македонија функционирале над 170 селски и градски организации. Во НОФ членувале 4 737 Македонци и Власи, во НОМС 4 823 младици и младинки, и 2 201 Македонки и Влаинки во АФЖ ( Ibid., 129).

[10] *Егејска Македонија,* т. II, 55.

домовите заради нивна безбедност; го помагала повлекувањето во големите градови или преку границата на сите оние активисти на кои им претстоела опасност да бидат ликвидирани или затворени; обезбедувала стручна помош на осудените, и воедно организирала масовни протести, митинзи, демонстрации и штрајкови.[11]

Паралелно со овие активности, со одлука на Главното раководство на НОФ, донесена на 28 април 1945 година,[12] биле формирани и вооружени групи за самоодбрана, и тоа скоро во сите околии на територијата на егејскиот дел на Македонија.[13] Делувањето на овие релативно мали и слабо вооружени групи се одвивало се до август 1945 година, кога заради инсистирањето на Комунистичката партија на Грција да се почитува нејзината ориентација за примена на политичката борба, Главното раководство на НОФ донело одлука за прекинување на нивните вооружени акции.[14]

Во 1946 година безбедносната ситуацијата во Грција и по одржувањето на парламентарните избори (март 1946) била далеку од стабилна. Спроведувањето на белиот терор особено било засилено пред и по нивното одржување. Во земјата делувале 185 вооружени групи на десницата, од кои 34 во егејскиот дел на Македонија.[15] Меѓутоа, исто така, се интензивирало и делувањето на вооружените групи на левицата, како и на вооружените групи на НОФ. Или како што забележал британскиот амбасадор Нортон: „... од мај па натаму, во Северна Грција бандитското[16] делување доби размери на вооружено востание. На почетокот положбата беше лоша во Славофонската област на Западна и Централна Македонија, каде групите на НОФ (Славомакедонски автономисти) беа активни".[17]

Меѓу оние кои се приклучиле кон вооружените групи на левицата била и Мирка Гинова. Таа била многу активна во организирањето на отпорот против теророт спроведуван од страна на грчките државни органи. Таа учествувала скоро во сите борбени акции организирани од раководството на НОФ со посебен акцент на организирањето на македонските жени и младинци. Секојдневно била присутна на теренот каде го организирала македонскиот народ со цел да се формираат основни организации на НОФ, НОМС и АФЖ. Со својата активност таа станала позната не само во Воденско туку и

---

[11] Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 131-134.

[12] Кирјазовски, *Правната дискриминација*, 25. Истиот автор, како датум на донесената одлука го наведува и 14 мај (види: idem, *Народноослободителниот фронт*, 135; idem, *Македонски национални институции*, 174).

[13] За делувањето на овие вооружени групи види поопширно: Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт*, 134-138; idem, *Македонски национални институции*, 174-175; Мамуровски, *Македонците во Егејска Мкаедонија*, 147-151.

[14] Ibid., 138; Ibid; 175; Ibid., 151.

[15] Ристо Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија 1945-1949* (Култура: Скопје, 1985), 171.

[16] Термин со кој грчката и британската влада ги именувале акциите на партизанските одреди на НОФ.

[17] PRO FO 371/72241 R 4690/31/19: Norton to Bevin, Annual Report for 1946, April 15, 1948.

во цела Егејска Македонија, но исто така и за грчката полиција која поради тоа настојувала и да ја ликвидира. Грчките владини војски успеале да ја уапсат на 8 јули 1946 година. Судскиот процес бил одржан на 23 јули 1946 година во Првото основно училиште во Ениџе - Вардар зад затворена врата. Била осудена на смрт со стрелање со уште шест нејзини соборци.

За судскиот процес и за донесената и извршена пресуда информација добиле и британските претставници во Грција. Истражувајќи во британскиот национален архив (Public Record Office) дојдовме до документи кои се однесуваат на самиот процес и британскиот став за истиот. Треба да се напомене дека во документите постојат извесни отстапувања од реалните факти, имајќи ги предвид досега објавените трудови за животот и активноста на Мирка Гинова.

Документите се презентирани во оригиналната форма, во превод, без интервенции освен неопходните белешки заради појаснување на одредени факти.

22 октомври 1946 година

Почитуван Томас,

Сега ја добивме целосната информација за случајот на Ирини Гини, којашто ја очекувавме откако одговорив на Вашата белешка од 9 август.

Седум членови на НОФ[18] (Македонски автономистички фронт), вклучувајќи и една жена, биле осудени на смрт во средината на јули во Јаница[19], за вооружени бандитски[20] активности и биле погубени на 26 јули.[21] Нагласувам дека регентот не треба да ја потпише смртната пресуда за да ја потврди основната пресуда изречена од Воениот суд како што е во случајот со основните пресуди изречени од Граѓански судови.

Во 1941 година Ирини Гини била учителка во областа на Едеса.[22] За време на окупацијата се приклучила кон ККЕ (Комунистичка партија на Грција) и играла значајна улога во активностите на комунистичкото младинско движење[23]. Во тоа време имала мало учество во активниот отпор, но затоа ширела комунистичка пропаганда меѓу нејзините ученици; нејзиниот опис

[18] Македонски Народноослободителен фронт.

[19] Ениџе-Вардар .

[20] Термин со кој грчката и британската влада ги именувале акциите на партизанските одреди на НОФ.

[21] На 26 јули 1946 година била извршена смртната казна изречена на 23 јули од Воениот суд во Ениџе-Вардар врз припадниците на НОФ и ККЕ Мирка Гинова, Ѓорѓи Проев, Петре Попдимитров, Ристо Стојанов, Димитар Лимбов, Томо Михаилов и Ѓеоргиос Муцакис-Алеко.

[22] Воден.

[23] По нападот на фашистичка Италија на Грција (28 октомври 1940), а подоцна и на нацистичка Германија (6 април 1941) Мирка Гинова се приклучила кон движењето на отпорот во Грција. За време на германската окупација била секретар на ОКНЕ (Организација на комунистичката младина на Грција) за Гуменџиска околија. Од мај 1943 година до крајот на јануари 1946 година работела како организационен секретар на Окружниот одбор на ЕПОН (Национална сегрчка организација на младите) за Воденскиот, Катеринскиот, Берскиот и Кукушкиот округ и била фунционер на НОФ за Гуменџиска и Ениџевардарска околија. Во март 1945 година стапува во ТОМО (Тајна ослободителна македонска организација).

како борец на отпорот е преувеличен. Во април 1945 година таа била префрлена во Арниса[24] каде локалниот совет го остварил нејзиното отстранување заради лошата работа[25]. Таа била осомничена за соучество во убиствата на двајца браќа, Евангелос и Стерјо Думаи од Корифи[26] во 1944 година[27] и била издадена потерница за нејзино апсење во 1945 година.

По ова таа заминала во планините и му се придружила на Македонскиот автономистички фронт[28]; таа дејствувала во една од неговите вооружени групи во областа Едеса[29] во 1945 година.[30] Таа била вооружена и постојано се зборува дека земала учество во убиствата и нападите на жандармериските станици што ги вршеле бандите[31]. Заробените документи од архивата на НОФ од Платани[32], покажуваат дека таа била член на Комитетот на НОФ од перфектурата Пела[33] и дека била во многу блиски врски со шефот на регионалниот комитет на НОФ.

Ниеден британски претставник не присуствувал на нејзниното судење - Вие ќе сфатите дека за нашите претставници во Грција е тешко да испраќаат претставници за секој настан кој може да предизвика внимание во Англија - и ни требаше одредено време за да добиеме детали за ова. Доказите од судењето делуваат повпечатливо отколку информациите што ги добивте. Таа била уапсена на 8 јули во женска бандитска униформа. Како што знаете, според Вонредните законски одредби учеството во активностите на вооружените групи или членство во движење насочено кон уривање на грчката држава се казнуваат со смрт. НОФ е такво сепаратистичко движење и Ирини Гини всушност била заробена за време на судирот меѓу нејзината вооружена банда и силите на законот и редот. На нејзното судење таа признала дека припаѓа на НОФ и истакнала дека се борела за „слобода“ на Македонија. Документите што ги цитирав погоре беа употребени како доказ, а нашата информација е дека Ирини Гини заедно со нејзините другари одбрала да се брани самата отфрлајќи го застапништвото.

Внимателно ги следиме активностите на овие Безбедносни комитети како и на воените судови. Имаме целосен извештај за нивното делување, кои говорат дека иако активностите на било кој воен суд се произволни и

[24] Острово.

[25] Во објавената биографија на Мирка Гинова од Ташко Мамуровски овој податок не се споменува (Ташко Мамуровски, *Мирка Гинова (1916-1946)- Живот и дело* (Скопје: ИНИ, 1996).

[26] Турје.

[27] Во летото 1944 година се формира Воденскиот македонски баталјон во рамките на ЕЛАС (Грчка народноослободителна армија) во кој свое учество зела и Мирка Гинова.

[28] Народноослободителен фронт.

[29] Воден.

[30] Главното раководство на НОФ на 14 мај 1945 година донело одлука за формирање на вооружени групи за самоодбрана, чијашто основна цел била заштита на македонското население од теророт спроведуван од страна на грчките државни власти.

[31] Се однесува на партизанските единици на Народноослободителниот фронт.

[32] Јаворени.

[33] Била член на Воденскиот окружен одбор на НОФ, одговорна за прашањата на жените.

брзи, а пресудите обично тешки, сеуште постои мала причина да се доведе во прашање правилноста за нивните пресуди.

Со писмово Ви го враќам и прилогот.

Хектор Мекнил

PRO FO 371/58922 R12385/11241/19

*

* *

30 октомври 1946 година

Почитуван Хектор,
Благодарам за Вашето писмо од 18.

Ви пишувам повторно само поради една работа. Се разбира, дека ништо нема да ја врати Ирини Гини меѓу живите, но мислам дека поради доброто на другите кои можат да се најдат во опасност во иднина, треба да го свртам Вашето внимание на една дезинформација присутна во Вашите две писма.

НОФ не е сепаратистичка организација. Сепаратизмот што е присутен во ова тело не е поголем проблем од Велшкиот за којшто се дискутираше во понеделникот. Писмата не зборуваат за македонски автономистички фронт; тие говорат за Народноослободителен фронт, и според зборовите на мртвата девојка за време на судењето тој „има за цел еднаквост на привилегиите и правата на нашето малцинство во рамките на грчката држава. Ние не учествуваме во никакво автономистичко движење".

Сметам дека ќе се согласите дека оваа корекција треба да се има предвид, во случај кога други членови на НОФ во иднина ќе бидат судени, ова да не биде нивно главно обвинение.

Со почит,
/.../[34]

Хектор Мекнил, Esq., M. P.
Foreign Offis, S. W. 1

*

* *

БИОГРАФИЈА НА ИРИНИ ГИНИ

Ирини Гини, ќерка на Константин од Ксантоија[35], Едеса,[36] (алиас Мирка).

[34] Редакторот не успеа да го дешифрира потписот.
[35] Русилово.
[36] Воден.

Таа потекнува од стара бугарска фамилија.[37] Братот на нејзиниот татко, Петар Гини за време на турската управа бил локален претставник на Бугарскиот комитет за областа Ксантоија.

Во 1904 година кога бугарските комити ги собрале жителите на Ксантоија во селската црква со цел да одржат богослужба на бугарски јазик, сите селани излегле од црквата и започнале да ги пеат црковните песни на грчки јазик. Единственото семејство кое останало во црквата било семејството на Гини.

Братот на нејзината мајка, Ѓорги Митков, син на Теодосијос, се зборува дека е „одговорен" за НОФ во Ксантоија.

Нејзниот чичко Константин Гини и нејзините други блиски роднини, Василис и Фоти Гини, за време на окупацијата се зачлениле во Бугарскиот клуб во Солун и од него добиле членски карти.

Ирини Гини била назначена како учителка во детската градинка во селото Лики[38], Едеса[39] во 1940 година, а стапила на должност на 31 септември 1941 година. Во 1943 година таа била одредена да работи и во детската градинка во Кесарјани[40], Едеса.

За време на окупацијата таа станала следбеник на ККЕ и била назначена за „одговорна" за ЕПОН[41] во областа на Ксантоија. Таа била многу активна и успеала да привлече многу млади момчиња и девојки кон ЕПОН. Од морална гледна точка таа била многу цврста.

Во 1943 година во Кесарјани родила дете,[42] чијшто татко бил Димитриос Хаџиантониу, комунистички учител, меѓутоа бебето од непознати причини починало набргу по неговото раѓање.

По ослободувањето таа била префрлена во детската градинката во Арниса[43] (април 1945 година), но поради нејзиното однесување Општинскиот совет на Арниса протестирал до владата и успеал да ја отстрани со нејзино префрлање во детската градинка во Керасиас[44], Едеса[45].

Во меѓувреме, за време на истрагата за убиството на браќата Евангелос и Стерио Џумија во јуни 1944 година во Корифи[46], Едеса, таа била осомничена за соучество заради што била издадена потерница за нејзино апсење од страна на истражниот судија на Едеса. Штом разбрала за ова таа

[37] Селото Русилово од секогаш претставувало чисто македонска населба. Со пописот од 1913 година биле регистрирани 340 жители, во 1920 година 355, во 1928 година 378 и во 1940 година 478 жители. (Тодор Симовски, Населените места во Егејска Македонија, Кн. I, ИНИ, Скопје, 1978., 181.)

[38] В´лкојаново.

[39] Воден

[40] Котугери.

[41] Национална сегрчка организација на младите.

[42] Се однесува за замена на имињата со личност која го носела истото име со Мирка Гинова.

[43] Острово.

[44] Крончелово.

[45] Воден.

[46] Турје.

заминала во планините и во август 1945 година им се придружила на групите на НОФ кои дејствувале во областа на Едеса. Од нив била вооружена и оттогаш учествувала во криминални активности (убиства, напади на полициски станици и сл.). Како што покажуваат документите од архивата на НОФ од Платани[47], Едеса[48] Ирини Гини во организацијата го заземала местото на „одговорна“ за женскиот оддел познат како АФЖ (Антифашистички фронт на жените), под името Мирка и под истото име учествувала во Комитетот на НОФ за префектурата Пела. Набрзо станало познато дека му била љубовница на Оче (Евангелос Ајани)[49], одговорен на Обласниот комитет.

Била уапсена на 8 јули за време на судирот меѓу жандармеријата и групите на НОФ. Била облечена во женска бандитска униформа. Била судена пред воен суд во Јаница[50] и осудена на смрт. За време на судењето таа признала дека му припаѓа на НОФ и дека работела за ослободувањето на Македонија.

PRO FO 371/58922 R 11241/11241/19

[47] Јаворени.
[48] Воден.
[49] Ванѓел Ајановски - Оче
[50] Енице-Вардар.